РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ
ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 03-15/18
02.06 2015 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Бр. 13.1-38636/1
10062015 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## ПОМЕЃУ

## МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

## И

## АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

Скопје, 2015 година

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен на __________ 2015 година, помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ, ул. „Димче Мирчев“ бр. 9, Скопје, претставувано од министерот за внатрешни работи, м-р Митко Чавков и
2. АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“, бул. „Јане Сандански“ бр. 12 ламела 2, претставувана од директорот, Анета Арнаудовска

во натамошниот текст: Договорни страни.

Водени од потребата за меѓусебна соработка заради ефикасно спроведување на своите надлежности утврдени со закон,

Подготвени за ефикасна соработка која ќе придонесе за размена на искуства и кадри,

Потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на соработката во областа на едукацијата и обуката на кадри,

Согласно позитивното законодавство во Република Македонија, Министерството за внатрешни работи и Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ се согласија за следното:

Предмет

Член 1

Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството) и Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ (во натамошниот текст: Академијата) меѓусебно ќе соработуваат и взаемно ќе укажуваат помош и поддршка со цел размена на искуства, знаења, едукација и усовршување на кадри.

Области на соработка

Член 2

Министерството и Академијата меѓусебно остваруваат соработка во следниве области:

- заеднички настап и учество на разни настани од научно-истражувачки карактер (дискусии, образовни семинари, работилници и други форми на соработка);
- меѓусебна стручна поддршка и помош при организирање на обуки;
- организирање на практична настава за слушателите определени за јавни обвинители во организациските единици на Министерството во делот на предистражната постапка во надлежност на правосудната полиција.

- разработка на заеднички програми и проекти;
- размена на методологии и научно-технички информации, вклучувајќи и предавања, дискусии, образовни семинари и слично.

Договорните страни може да остваруваат соработка и во други области за кои претходно ќе се согласат.

Начин на остварување на соработката

Член 3

Соработката помеѓу Договорните страни се остварува преку размена на податоци и информации и организација на заеднички настани (состаноци, предавања, дискусии, семинари, обуки и др.), на кои може да учествуваат и надворешни експерти од одредени области, доколку Договорните страни сметаат дека нивното присуство во конкретниот случај е потребно и корисно.

Лица за контакт

Член 4

За целите на спроведување на овој меморандум, секоја Договорна страна назначува по две лица за контакт.

Лицата од ставот 1 на овој член ја следат имплементацијата на овој меморандум и ја координираат соработката помеѓу Договорните страни.

Секоја Договорна страна ги назначува лицата за контакт од ставот 1 на овој член во рок од 15 дена од денот на влегување во сила на овој меморандум, за што писмено ја известува другата Договорна страна.

Заштита на лични податоци и на класифицирани информации

Член 5

Договорните страни, податоците и информациите од овој меморандум ги разменуваат во согласност со Законот за заштита на личните податоци и Законот за класифицирани информации.

Примена и толкување

Член 6

Договорните страни меѓусебно си помагаат при примената и толкувањето на овој меморандум.

Договорните страни меѓусебно и без одлагање се известуваат за сите промени кои се релевантни за примената на овој меморандум.

Измени и дополнувања

Член 7

Измени и дополнувања на овој меморандум се вршат со взаемна согласност на Договорните страни.

Решавање на спорови

Член 8

Споровите кои може да произлезат од спроведувањето на овој меморандум Договорните страни ќе ги решаваат преку взаемни преговори.

Важење

Член 9

Овој меморандум се склучува на неопределено време. Секоја Договорна страна може да го раскине меморандумот со писмено известување доставено до другата Договорна страна.

Меморандумот престанува да важи по истекот на 30 дена од денот кога другата Договорна страна ќе го потврди приемот на известувањето за раскинување на меморандумот.

Примероци и влегување во сила

Член 10

Овој меморандум е изготвен во четири еднообразни примероци, од кои по два за секоја Договорна страна.

Меморандумот влегува во сила наредниот ден од денот на потпишувањето од двете Договорни страни.

| МИНИСТЕРСТВО<br>ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ | АКАДЕМИЈА<br>ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ<br>„Павел Шатев“ |
|---|---|
| м-р Митко Чавков<br>Министер за внатрешни работи | Анета Арнаудовска<br>Директор |